**Периодичен извештај Бр. 1**
**6 мај – 15 мај**

**20 мај 2011**

## I. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

- Собранието гласаше за своето распуштање на 15 април 2011, при што беа распишани предвремени парламентарни избори кои ќе се одржат на 5 јуни. Ќе се избираат вкупно 123 пратеници, вклучително, за прв пат, по еден пратеник од трите новосоздадени изборни единици надвор од земјата.

- Ова се први избори кои се спроведуваат откога се воведоа значителни измени на Изборниот законик во април 2011. Измените се осврнаа на неколку од препораките кои претходно беа понудени од страна на ОБСЕ/ОДИХР, меѓутоа, неколку прашања кои подигаат загриженост остануваат неразгледани.

- Шеснаесет политички партии и две коалиции ќе земат учество на претстојните избори. Државната изборна комисија (ДИК) отфрли една листа на кандидати на политичка партија и една листа на кандидати на група избирачи.

- Предизборниот период беше тензичен и одбележан со жестока реторика, при што двете коалиции меѓусебно се обвинуваа за сторени акти на заплашување на гласачите.

- Официјалната 20-дневна изборна кампања започнува на 16 мај. Неколку партии веќе активно започнаа да се промовираат себеси преку рекламирање во дневниот печат, на билборди и преку дистрибуција на изборни материјали. ДИК објави дека ќе го разгледа прашањето околу предвременото започнување на изборни кампањи, само ако добие таков приговор од учесниците на изборите. Во моментот на известување, не е поднесен ниту еден приговор.

- Конечниот број на регистрирани гласачи изнесува 1.821.122, вклучително и 7.258 регистрирани гласачи кои гласаат надвор од земјата. Избирачките списоци беа објавени за увид од страна на јавноста во период од 25 април до 4 мај, при што 18.662 гласачи извршиле увид во избирачките списоци во локални канцеларии, преку програма за пребарување на интернет и преку испраќање електронски пораки до канцеларијата на ДИК која беше воведена за таа намена.

- Изборите се спроведуваат од страна на три нивоа на изборна администрација, кои ја вклучуваат ДИК, 84 Општински изборни комисии (ОИК) и 2.976 Избирачки одбори (ИО). За прв пат, 36 дополнителни ИО ќе бидат испратени во дипломатските и конзуларните канцеларии во странство за да го спроведат гласањето надвор од земјата.

- Седниците на ДИК се отворени за набљудувачите, медиумите и јавноста. Оние седници кои ги набљудуваше Набљудувачката мисија за избори (НМИ) на ОБСЕ/ОДИХР беа мошне политизирани. Дискусиите и гласањето се одвиваат строго според партиски линии, особено во присуство на медиумите. Кога медиумите

отсуствуваа од седниците дискусиите на ДИК беа порелаксирани и со поголем консензус.

- Во земјата постојат голем број медиуми, а телевизиите се главен извор за црпење политички информации. Советот за радиодифузија усвои правилници со кои се уредува медиумското покривање во текот на периодот кога трае изборната кампања, а за прв пат досега, исто така и предизборниот период.

- НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ги започна своите активности во Скопје на 6 мај, со главен тим сочинет од 12 членови. На 9 мај, низ целата земја испрати вкупно 20 долгорочни набљудувачи.

## II. ВОВЕД

Собранието гласаше за своето распуштање на 15 април 2011, при што беа распишани предвремени парламентарни избори кои ќе се одржат на 5 јуни. Во очекување на официјална покана од Министерството за надворешни работи, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР) испрати своја Мисија за проценка на потребите која престојуваше во Скопје од 5 до 7 април.[1]

Врз основа на препораката на Мисијата за проценка на потребите на ОБСЕ/ОДИХР, на 6 мај[2] беше воспоставена Набљудувачката мисија за избори (НМИ). НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, предводена од страна на Г-дин Џулијан Пил Јејтс, вбројува главен тим составен од 12 члена, сместен во Скопје и 20 долгорочни набљудувачи кои се распоредени на 10 места низ целата земја. ОБСЕ/ОДИХР побара од нејзините земји членки да испратат 300 краткорочни набљудувачи кои ќе ги следат постапките на денот на изборите. ОБСЕ/ОДИХР има набљудувано 11 избори во земјата.[3]

## III. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

Изборите на 5 јуни ќе бидат втори по ред предвремени парламентарни избори. Овие избори беа распишани по продолженото бојкотирање на Собранието од страна на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), како и неколку други опозициски партии. Бојкотот започна на 28 јануари, како одговор на замрзнувањето на сметките на четири медиуми, како дел од кривична истрага поврзана со сопственикот на *А1 Телевизија.*

На последните парламентарни избори одржани на 1 јуни 2008 г. Коалицијата предводена од Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) доби 63 собраниски мандати, Коалицијата *Сонце* предводена од СДСМ 27, Демократската унија за интеграција (ДУИ) 18, Демократската партија на Албанците (ДПА) 11 и Партијата за европска иднина (ПЕИ) 1. Потоа беше формирана владина коалиција од страна на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, заедно со ДУИ и ПЕИ.

## IV. ПРАВНА РАМКА И ИЗБОРЕН СИСТЕМ

1 Извештајот од Мисијата за проценка на потребите на ОБСЕ/ОДИХР е достапна тука: www.osce.org/odihr/77051.
2 Вебстраницата на НМИ е www.osce.org/odihr/elections/77359.
3 Сите Извештаи се достапни на вебсајтот на ОБСЕ/ОДИХР: www.osce.org/odihr/elections/fyrom.

Изборниот законик претставува највисок закон што ги уредува парламентарните избори. Овој Законик беше изменет во април 2011 г. со мала предност на мнозинство гласови, при што опозициските партии го бојкотираа гласањето во Собранието.[4] Бидејќи најголем број од изборните рокови беа скратени за по пет дена во случај на спроведување предвремени избори, се постави прашање дали потребните подготовки и досегот на информациите до изборните чинители ќе можат да бидат спроведени навреме.

Изменетиот Изборен законик се осврнува на неколку препораки кои беа претходно понудени од страна на ОБСЕ/ОДИХР. Меѓутоа, одреден број на случаи на загриженост остануваат неразгледани, вклучително и: кусата временска рамка за судовите и органите за спроведување на изборите да ги претресат и да одлучуваат по приговорите; забраната за поднесување на приговори по пошта; непојаснетото продолжување на уживањето на правата да се биде кандидат за оние кои веќе ги отслужиле своите казни за сторено кривично дело; како и ревидираните максимални износи на донации кои се даваат од трговските друштва за финансирање на изборните кампањи.[5]

Вкупно 123 пратеници за Собранието ќе се избираат со мандат во траење од четири години. 120 пратеници ќе се избираат, според пропорционалниот изборен модел, во шест изборни единици, и за прв пат, по еден пратеник, според мнозинскиот изборен модел, од трите нови изборни единици за гласање надвор од земјата, во Европа и Африка, Северна и Јужна Америка, како и од Австралија и Азија.

Транспарентноста на финансирањето на кампањите беше подобрено со воведување на условот партиите да поднесуваат до ДИК, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречувањее корупција, периодични извештаи за нивните трошоци за изборните кампањи. Таквите извештаи потоа мора да бидат објавени на веб-страниците на овие институции. Меѓутоа, не се предвидуваат никакви рокови за потврдување на извештаите кои се поднесени пред денот на изборите.

## V. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Изборниот законик предвидува три нивоа на изборна администрација кои ја вклучуваат ДИК, 84 Општински изборни комисии (ОИК), 2.976 Избирачки одбори (ИО) во земјата, како и до 50 ИО за гласањето надвор од земјата, сместени во дипломатските и конзуларни претставништва во странство.[6]

ДИК е постојан орган чиј состав се именува од страна на Собранието со мандат во траење од четири години. ДИК има 7 члена и е одговорна за надгледување на општите подготовки на изборите. Претседателот на ДИК и два нејзини члена се именуваат од страна на парламентарните опозициски партии, додека Потпретседателот и трите преостанати членови се именуваат од страна на владеачките партии. Сегашниот состав на ДИК беше именуван во 2008 г, меѓутоа, Претседателот поднесе оставка на 23 февруари 2011, при што на 12 април Собранието именуваше негов наследник.

4 Опсежни измени на Изборниот законик беа усвоени на 5 април 2011 г. (68 гласа ЗА од вкупно 12 пратеници). Исто така, на 13 април беа донесени промени на границите на две изборни единици.

5 Изборен законик Член 83(2). Правни лица [можат да донираат] во висина до 5% од вкупниот приход во претходната година.

6 За овие избори, ќе постојат 36 ИО за гласањето надцор од земјата. Останатите 14 ИО не го достигнаа условот за нивно отворање кој предвидува барем 10 гласачи да бидат регистгрирани во нив.

Седниците на ДИК се отворени за меѓународните и за домашните набљудувачи од организациите на граѓанското општество, како и за медиумите. Седниците на ДИК што досега беа набљудувани се покажаа мошне политизирани.[7] Дискусиите и гласањето се одвиваа строго според партиски линии, особено кога медиумите беа присутни. Кога медиумите отсуствуваа од седниците, дискусиите на ДИК беа порелаксирани и одлучувањето се одвиваше со поголем консензус.

Општинските изборни комисиисе одговорни за надгледување на изборната постапка во секоја од општините. Тие се професионални органи составени од по пет члена, а членството се избира по случаен избор од редовите на државните службеници и кадарот од јавните служби. Сите членови на ОИК се новоназначени на 26 април со мандат во траење од пет години.

Избирачките одбори се одговорни за посебни избирачки места пред и на денот на изборите. Членовите на Избирачките одбори се прави преку мешовит модел на професионалци и политички назначени членови, при што по еден член се номинира од страна на владејачките политички партии, по еден од опозициските, а трите останати, по случаен избор, од редовите на кадарот што работи во јавните служби. Сите органи за спроведување на изборите од пониско ниво го следеа начелото за „соодветна и правична"етничка и родова застапеност. Меѓутоа, ДИК во својот состав вбројува само една жена.

ДИК спроведе програма за задолжителна обука за изборните комисии од пониските нивоа, која започна на 4 мај и која ги вклучи и Избирачките одбори коиќе одат на избирачките места да го спроведат гласањето надвор од земјата.

## VI. ИЗБИРАЧКИ СПИСОК

Одговорноста за ажурирање и за одржување на Избирачкиот список ѝ припаѓа на ДИК. Јавниот увид на извадоците од Избирачкиот список се случи во период од 24 април до 4 мај. Извадоците беа достапни за увид во регионалните и локалните канцеларии на ДИК, на програмата за пребарување на веб-страницата на ДИК и преку испраќање електронска порака до посебна канцеларија на ДИК. Според информациите кои беа објавени на веб-страницата на ДИК, 18.662 лица извршиле увид во своите податоци во текот на овој период, од кои, 42 лица биле ново запишани, 756 биле избришани по службена должност,[8] 6 починати лица биле избришани на барање на граѓани, биле побарани 210 промени на личните податоци од страна на граѓани и 24 лица се пријавиле да бидат запишани, но нивните барања биле отфрлени.

ДИК на 15 мај објави дека конечниот Избирачки список за Парламентарните избори 2011 содржи 1.821.122 гласачи, што е околу 29.000 повеќе во споредба со Претседателските и локалните избори од 2009. Вкупно 7.258 лица се регистрирале за гласање надвор од земјата.,[9] 4.653 во Изборната единица седум која ја опфаќа Европа и Африка, 1.832 во

---

[7] НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ги набљудуваше двете седници од отоворањето на Мисијата.

[8] Регистарот на државјани се чува во Министерството за внатрешни работи кое до 16 март 2011 задолжително мораше да ги избрише починатите лица од Регистерот на државјани.

[9] Според ДИК постојат околу 80.000 граѓани кои се регистрирани со времен престој или на работа во странство. Посебни извадоци од Избирачкиот список со нивните податоци беа испратени до дипломатските и конзуларните канцеларии, преку Министерството за надворешни работи, за јавен увид што се спроведе во истиот период како јавниот увид во Избирачкиот список во земјата.

Изборната единица осум која ја опфаќа Северна и Јужна Америка и 773 во Изборната единица девет, која ја опфаќа Австралија и Азија.

## VII. КАНДИДАТИ И АТМОСФЕРА НА КАМПАЊАТА

На Парламентарните избори може да учествуваат кандидати кои се предлагаат од политички партии, коалиции на политички партии или пак од независни кандидати предложени од страна на групи избирачи. До ДИК, до истекот на рокот на 5 мај, беа поднесени Листи на кандидати од страна на две поголеми коалиции, едната предводена од страна на СДСМ, а другата од страна на ВМРО-ДПМНЕ,[10] како и шеснаесет политички партии кои ќе се натпреваруваат на овие избори. ДИК ги отфрли Листите на кандидати на една политичка партија и една група избирачи.[11]

Иако официјалниот почеток на изборната кампања е 16 мај, политичката клима изгледаше на места остра, со користење на жестока реторика, особено од страна на коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, кои меѓусебно се обвинуваа за незаконско однесување, во обид да повлијаат врз слободата на избор на граѓаните. Постоеја широко распространети обвинувања за упатени закани против државни службеници за нивно отпуштање од работното место во случај ако не обезбедат одреден број на гласови во полза на владејачката коалиција. На НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ѝ беа доставени документи од неколку извори кои ги содржеа таквите обвинувања. Обете партии објавија документи со списоци со имиња на лица врз кои наводно се вршеле притисоци да гласаат за политичкиот противник. ВМРО-ДПМНЕ извести дека ќе покрене тужби против *А1 Телевизија* поради емитување на вест за наводно заплашување, како и против СДСМ за наводно поткупување гласачи.

Атмосферата се чини дека е потивка во политичката арена на етничките Албанци. Двете традиционални ривалски партии, ДУИ и ДПА на 4 мај потпишаа Изборен пакт, при што се обврзаа да спроведат демократски изборен процес, да се воздржуваат од користење говор на омраза, омаловажување и провокации, како и да ги признаат изборните резултати. За прв пат на овие избори ќе се натпреваруваат две нови етнички албански партии, Нова демократија (НД) и Национална демократска преродба (НДП).

На 12 мај сите политички партии го потпишаа Кодексот за однесување. Потписниците се обврзаа да ги унапредуваат демократските избори, климата на толеранција и јавно да го осудуваат насилството и заплашувањето.

Неколку партии веќе започнаа активно да се претставуваат себе си, пред официјалниот почеток на изборната кампања. Случаите на предвремено започнување со изборната кампања вклучија платени двострани реклами во неколку дневни весници, линкови до видео материјал поврзан со кампањата објавени на интернет страници на дневни весници, како и дистрибуција на промотивен материјал. Во Скопје исто така се појавија и билборди, некој од нив со порака „Дали сте за победа“ со заокружување на зборот Да,[12] а други пак со пораки за поддршка на одредени политички партии.

---

10 Коалицијата на СДСМ вклучува 15 партии, а онаа пак на ВМРО-ДПМНЕ 23. И едната и другата коалиција вклучува политички претставници од најразлични помали етнички заедници.

11 Партијата за демократска акција (СДА) беше отфрлена зашто не успејала да поднесе целосна листа на кандидати за сите изборни единици. Листата која беше поднесена од страна на Група избирачи „Зоранчо Златевски“ беше одбиена бидејќи не успејала да го собере утрдениот број на потписи за нивна за нејзина поддршка.

12 Ниту една политичка партија не презеде одговорност за билбордите „Дали сте за победа.“

ДИК објави дека ќе го разгледа прашањето за предвременото започнување на изборните кампањи, но само ако до нејзе бидат упатени приговори од страна на кандидатите. До моментов во ДИК нема пристигнато ниту еден приговор во врска со ова.

## VIII. МЕДИУМИ

Голем број медиуми постојат во земјата, вклучително и 14 национални, 12 сателитски и 130 регионални ТВ и радио станици, како и 10 дневни весници. Телевизиите се главниот извор на политички информации, додека пак националните радиодифузери доминираат на пазарот за рекламирање.

Медиумското покривање на изборните кампањи е уредено во Изборниот законик, како и Законот за радиодифузна дејност. Исто така, Советот за радиодифузија (СР) усвои правилник кој го уредува медиумското покривање во текот на периодот на изборните кампањи, а за прв пат, уште еден правилник кој го уредува периодот пред започнување на кампањата.

СР го надгледува придржувањето на радодифузерите на законодавството и на правилниците. Од 15 април, овој орган врши мониторинг на 16 национални медиуми. Со официјалното започнување на кампањата на 16 мај, СР има намера да ја следи работата на 154 радиодифузери. Во текот на известувачкиот период СР покрена прекршочни постапки против *Канал 5 ТВ* и *А1 ТВ,* поради необезбедување на сите потребни информации при објавување на резултати од анкети за јавното мислење, како и против *ТВ Алб* за емитување платена политичка програма пред официјалниот почеток на периодот на изборната кампања. Исто така беа упатени известувања до четири медиуми (*МТВ 1, Канал, А1 телевизии* и *Радио Метрополис)* во кои се вели дека објавувањето на реклами платени платени од државни институции е забрането по распишување на изборите.

Член 76(а) од Изборниот законик поставува услов дека Јавниот радиодифузен сервис, Македонската радио телевизија (МРТ), на сите кандидати да им додели во програма, бесплатен простор. На 10 мај МРТ одлучи да му додели на секој кандидат на изборите по 3 минути простор за секоја изборна единица, каде партијата/коалицијата учествува во изборната трка. Во законот не се одредува времето кога таквиот бесплатен простор треба да се додели. МРТ реши на кандидатите да им го додели времето меѓу 16:00 и 16:30 ч., што јасно излегува од ударните гледачки термини. Исто така, МРТ планира да организира 14 дебатни емисии за изборните кандидати, со траење од по 90 минути.

Мониторингот на медиумите на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР се врши во два периода: првиот од 9 до 15 мај, го вклучи периодот пред официјалниот почеток на кампањата. Вториот пак период ќе го покрие официјалниот период на изборната кампања од 16 мај до 3 јуни. Мониторингот на медиумите се врши според квантитативни и квалитативни анализи на ударните термини на две јавни и пет приватни телевизии, како и пет дневни весници.[13]

## IX. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

[13] Телевизиските канали *МТВ-1* (јавен сервис), *МТВ-2* (јавен сервис), *А1 Телевизија,* и телевизиите *Канал 5, Сител, Алсат-М* и *Телма.* Дневни веснициЧ *Дневник, Нова Македонија, Време, Коха* и *Лајм.*

Изборниот законик ги уредува различните правни лекови за заштита на избирачките права, вклучувајќи ги и жалбите по прашања поврзани со регистрирање на гласачите, жалбите по одбиени барања за регистрација на гласачите, приговорите поврзани со прекршувања на изборната кампања, како и изборните резултати. Сите такви приговори и жалби потпаѓаат под надлежност на различни жалбени органи. ДИК е надлежна за разгледување на приговорите на кандидатите и гласачите во врска со изборните постапки. Одлуките на ДИК може да бидат обжалени пред Управниот суд. Приговорите по неправилности поврзани со кампањите се поднесуваат до основните судови, чии одлуки може да се обжалуваат пред Апелациониот суд. Приговорите поврзани со кривични дела исто така се поднесуваат до основните судови, а жалба по одлука на судовите се упатува до Апелациониот суд. Натамошната жалбена постапка може да се продолжи пред Врховниот суд, кој претставува последна судска инстанца. Државниот обвинител има мандат да покренува кривични истраги секогаш кога ќе прими известување за сторено дело против изборите.

Во периодот за кој известуваме во извештајов, ниту еден формален приговор, во врска со Избирачкиот список или регистрацијата на кандидатите, не беше поднесен до органите. На 11 мај, Државниот обвинител покрена истрага во врска со наводен случај на заплашување сторен од ВМРО-ДПМНЕ, за што беше известено во медиумите.[14] Државниот обвинител ја информираше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека случајот ќе се води по итна постапка и дека истиот ќе биде разјаснет пред денот на изборите.

## X. АКТИВНОСТИ НА НМИ на ОБСЕ/ОДИХР

НМИ на ОБСЕ/ОДИХР започна со своите активности во Скопје на 6 мај со својот Главен тим сочинет од 12 членови. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР до моментов се сретна со Премиерот, Министерот за правда, Министерот за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, лидерите на сите поголеми политички партии, медиумите, групите на домашни набљудувачи, вршителот на должност Шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и амбасадорите на земјите-членки на ОБСЕ. Првиот Брифинг за дипломатската заедница ќе се одржи на 16 мај.

Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), како и Парламентарното собрание на Советот на Европа, ќе испратат набљудувачки делегации за следење на денот на изборите. Претседавачот на ОБСЕ го назначи Г-дин Роберто Батели, кој е специјален претставник на ПС на ОБСЕ за југоисточна Европа, за Специјален координатор кој ќе ја предводи Мисијата на краткорочни набљудувачи на ОБСЕ за овие избори. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР се сретна со Г-дин Батели во текот на предизборната посета на Скопје на 14 мај.

---

[14] *А1 Телевизија* извести дека ВМРО-ДПМНЕ им наложила на Шефови на сектори на државни институции да поднесат списоци со најмалку 15 лица кои ќе и дадат поддршка на таа партија како награда за вработување или други придобивки.